Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 57/0306
22.02.2018 год.
Скопје

22.02.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2018 година, врз основа на примена жалба од Лирим Шабани, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Интернет порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk).со текстот насловен „Србија купува силно оружје и се подготвува за голема војна“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 10 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 22 јануари 2018 година, Лирим Шабани поднесе жалба за текстот насловен „Србија купува силно оружје и се подготвува за голема војна“, објавен на 13 јануари 2018 година, на интернет порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи пристрасност во информирањето и дека медиумот намерно преработил фотографија во пропагандистички цели, која не е во корелација со веста.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Вечер.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главната и одговорна уредничка на порталот, Ивона Талевска одговори, но воопшто не се осврна на наводите на жалителот, туку на работата на Советот за етика.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

***Член 1***: *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека содржината на текстот, во најголем дел, не отстапува од професионалните и етичките стандарди, но дека фотографијата во облик на фотомонтажа е тенденциозно изработена и лесно може да стане извор на ширење непријателство и омраза.

Комисијата констатираше дека фотомонтажата може да се смета за современ поджанр на жанрот коментар и дека преку неа може или најчесто се изнесуваат вредносни судови преку хиперболизирана реалност (сатира, сарказам или критика), но дека не смее да ги надминува границите на слободата на говорот и да содржи елементи, кои се граничат со говорот на омраза.

Во услови на тензични односи во дел од регионот, со поставувањето на ваквата фотографија во рамките на текстот, авторот иницира реална опасност за разгорување дополнителна нетрпеливост по национална и политичка основа.

Ова особено, што авторот во фотомонтажата ги вметнал националните знамиња на Р.Србија и на Р.Албанија во улога на спротивставени страни, а со поставувањето на војниците во преден план, облечени во униформи на двете земји, медиумот ги претставува двете држави како непријатели и ги става во воен контекст.

Оттука, Комисијата најде дека со фотографијата, медиумот го прекршил членот 10 од Кодексот на новинарите, во делот, во кој се вели:

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Во продолжение, членовите на Комисијата утврдија дека интернет порталот го прекршил и членот 1 од Кодексот на новинарите, кој посебно се издвојува во насловот од текстот:

***„Србија купува силно оружје и се подготвува за голема војна“.***

Насловот или најавата на прилогот мора да одговара на неговата содржина. Комисијата утврди дека авторот никаде во текстот не споменува војна, а спротивно на тоа, во насловот,

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

ја навел речиси како извесно дејство. Покрај тоа наведените податоци во текстот не укажуваат на коментар, замаскиран како факт дека Србија се подготвува за голема војна, бидејќи наведеното оружје и борбена техника е оружје и техника кои што се користат и/или само за одбранбени цели (авиони кои освен за напад пред се се користат и за заштита на воздушниот простор, противавионски и пртиворакетни системи кои се исклучиво за заштита на цивилни и воени цели во самата Србија, на пример).

Во тој контекст, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање или манипулации. Во наднасловот и насловот на текстот е токму тоа сторено. Изнесени се коментари замаскирани како факти.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Вечер.мк" (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595